ООУ„Стив Наумов“-Битола

Програма за мултикултурализам

изработи:
м-р Ана Динковска-Божиновска

директор:
Никола Пискачев

Битола, септември 2023 год.

Промовирање на мултикултурализмот во образованието

Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници.

Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, искоренување на стереотипите и предрасудите.

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Имајќи ја предвид мултикултураната средина во која се наоѓа училиштето и фактот дека во ООУ „Стив Наумов“-Битола учат ученици кои припаѓаат на македонска, албанска, турска и влашка етничка припадност и во учебната 2023/2024 година ќе се реализира Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Целта на овој проект е да се подобрат меѓуетничките односи во образованиот систем, да се придонесе во унапредувањето на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различните од себе, размена на културните и верските вредности. Најважно е подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните бариери.

Годишен акционен план во учебната 2023/2024 год.

Очекувани резултати: Зголемени активности за меѓуетничка интеграција (наставни и воннаставни), како составен дел од годишната програма за работа на училиштето; Реализација и организација на настани од интерес на заедницата кои промовираат меѓуетничка интеграција; Подобрено познавање на јазиците и културата на припадниците на заедниците; Подобрена училишна клима за меѓуетничка интеграција-сензибилизиран наставно-стручен кадар.					
	Опис на активноста	**Временска рамка**	**Индикатори**	**Ресурси**	**Поддршка и следење**
1.	Годишно планирање за МИО на ниво на училиште, средба на тимовите за изработка на акциски план, планирање на МИО активности во програмите за работа на УО,	септември	Изработен акциски план за МИО активности на ниво на училиште како составен дел на ГП	Човечки	Тим за унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата

	стручната служба, ученичката заедница, стручните активи и начинот на реализација на истите)				
2.	Еко, волонтерски и хуманитарни активности	октомври	Извештаи, фотографии	Човечки, матери-јални, финансиски	Тим за унапредување на меѓуетничка интеграција во училиштата Локална заедница Бизнис заедница
3.	Планирање и реализација на заеднички мултикултурни наставни часови во редовна настава по наставните предмети: Македонски јазик, Англиски јазик, Германски јазик, Творештво, Ликовно образование, Музичко образование, ФЗО, Граѓанско образование, Географија, Животни вештини, Информатика и др.	ноември-мај	Реализирани заеднички часови, изготвени заеднички планирања, извештаи	Човечки и материјални	Тим за унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата, БРО
4.	Мултиетнички интегрирани секции (спортски, драмски, еко, фотографија и др.)	декември	Реализирани активности,евиден-ција во дневник за работа на паралелка, извештај	Човечки и материјални	Тим за унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата
5.	Заедничко одбележување на значајни датуми и личности	септември-мај	Реализирани манифестации, извештаи, фотографии	Човечки, материјални, финансиски	Тим за унапредување на меѓуетничката интеграција во

					училиштата
6.	Мултикултурни и интеркултурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на детето	март-мај	Подготовки за работилници, реализирани работилници, извештаи, фотографии, евалуациски листи	Човечки и материјални	Тим за унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата
7.	Организирани посети на интегрирани групи ученици на значајни културни и историски места и објекти, настани и манифестации	април-мај	Извештаи, фотографии	Човечки и финансиски	Тим за унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата
8.	Посета на Советот на Општина Битола (ученичка заедница, претставници од тимот за промоција)	мај-јуни	Извештаи, фотографии	Човечки	Тим за унапредување на меѓуетничка интеграција во училиштата

изработи: м-р Ана Динковска-Божиновска